Бр./Nr 12-2146/2
18-04-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 85-тата седница одржана на 12.04.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2146/1 од 14.03.2022 година, со укажувања за околности поврзани со можни причини за пожар, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

ДКСК пријавата ќе ја достави до Министерството за внатрешни работи, со цел информациите содржани во истата да бидат земени предвид доколку се преземаат дејствија во врска со случајот опишан во пријавата.

Предметот со број 12-2146/1 од 14.03.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител на ден 14.03.2022 година поднесена е пријава во која се содржани укажувања за околности поврзани со можни причини за пожар, и оформен е предмет број 12-2146/1 од 14.03.2022 година.

Во пријавата подносителот, без да пријави конкретни дејствија на конкретни лица, бара ///, поранешен директор на АД /// (АД ///), да биде повикан на разговор во врска со пожар на бараките на АД ///, бидејќи, како што е наведено во пријавата, од исказот на посоченото лице би можеле да се утврдат причините за настанатиот пожар.

По разгледувањето на предметните наводи ДКСК констатира дека во пријавата е содржано укажување кое не упатува на дејствија кои подразбираат корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи ги предвид надлежностите на Министерството за внатрешни работи, ДКСК цени дека постои можност Министерството веќе да презема дејствија во врска со случајот опишан во пријавата.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, а пријавата ќе ја достави до Министерството за внатрешни работи, со цел

информациите содржани во истата да бидат земени предвид доколку истото презема дејствија во врска со случајот опишан во пријавата.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**